**20140080131**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 5 од Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 156/2010 и 59/2012) Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 8.1.2014 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2014 ГОДИНА

Член 1

Ова програма е наменета за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија за 2014 година.

Потребните средства за реализација на програмата изнесуваат 231.380.000,00 денари и истите се планирани во буџетот на раздел 10003 – Агенција за промоција и поддршка на туризмот категорија 42- стоки и услуги и 46- субвенции и трансфери.

Член 2

Средствата од член 1, став 2 на ова програма се наменуваат за промотивни активности и активности на поддршка на туризмот и тоа:

а) За конвенционални промотивни активности се наменуваат вкупно 36.190.000,00 денари и тоа:

- подготвување, печатење и дистрибуција на печатен промотивен материјал;
се наменуваат 4.800.000,00 денари.
- учество на следните туристички саеми: Утрехт, Виена, Хелсинки, Истанбул, Брисел, Милано, Софија, Белград, Берлин, Москва, Лондон, Гетеборг, Познањ, Измир и Токио;
се наменуваат 18.870.000,00 денари.
- организирање на презентации и средби со странски туроператори;
се наменуваат 2.420.000,00 денари.
- организација на посети на Република Македонија за туроператори, новинари и славни личности;
се наменуваат 2.400.000,00 денари.
- билборд кампањи и реклами во принтани медиуми;
се наменуваат 7.700.000,00
- соработка со Генерален Секретаријат и Агенција за странски инвестиции и промоција на извоз во однос на детерминирање на ТВ кампањи;

б) За активности на електронска промоција во кои што спаѓаат:

- активно користење на Веб портал и Веб страни во: Косово, Албанија, Хрватска, Словенија, Србија, Бугарија, Шведска и Полска
- користење на интернет социјални мрежи и промоција на веб пребарувачи;
се наменуваат 2.000.000,00 денари.

в) За специфична промотивна активност насочена кон транзитните патници - организација на делење на флаери на гранични премини и креирање на додатна понуда по должина на главни патни правци,
се наменуваат 2.000.000,00 денари.

г) За активности за поддршка на туризмот во кои што спаѓаат:

- дореализација на постоечкиот проект за поттикнување и организација на мапирање и обележување на планинарски патеки, креирање на мапи како и комплетен водич и е-водич со планинарски патеки;

- реализација и организација, мапирање и обележување на велосипедски патеки, креирање на мапи како и комплетен водич и е-водич со велосипедски патеки;
- финансирање на изработка на соодветна урбанистичко-планска документација заради формирање на автокампови на земјишта во доминантна сопственост на Република Македонија, поддршка на развојот и промоција на авто камповите;
- доработување на проектот за ”Изнајми викендица-стан” е-пазар со евидентирање и класифицирање на сите природни убавини, културно наследство и традиционални манифестации специфични за конкретните места;
- изработка на стратегии за развој на туризмот на даден локации;
- поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации со меѓународен карактер а со значење за туристичката понуда во Република Македонија;
- реализирање на проект за создавање на берза за туристички работници во Република Македонија;
- создавање на портал со цел на електронска промоција преку врежување на етно збирки во Република Македонија и нивно заедничко претставување;
- остварување на соработка со општини и плански региони;
- организирање на директни средби со национални туристички организации со цел поттикнување на понудата за регионални тури за подалечни пазари како и за заеднички настап на истите;
- остварување на меѓународна соработка со разни меѓународни организации и граѓанскиот сектор, вклучување во заеднички проекти за промоција и развој на туризмот;
- остварување на законските обврски по однос на туристичките развојни зони;
- изработка на четири подстратегии за поддршка на туризмот и
- други проекти.

се наменуваат 36.190.000,00 денари.

Член 3

За субвенционирање на странскиот организиран туристички промет се наменети вкупно 155.000.000,00 денари.

Од член 1, став 2 на ова програма се определуваат средства во висина од 110.000.000 денари, а остатокот на средствата во висина од 45.000.000,00 денари се обезбедуваат од игри на среќа.

Член 4

За начинот и динамиката за реализирањето на оваа програма ќе се грижи Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот.

Член 5

Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот за реализираните активности ќе достави извештај до Владата на Република Македонија како и постигнатите резултати со образложение за евентуални одстапувања од планираните активности заклучно со 31 јуни 2015 година.

Член 6

Оваа програма влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во ”Службен весник” на Република Македонија.

Бр. 41-6600/1-13
8 јануари 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.